Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 08.02.2021

На 07.02.2021 во 21.35 часот на подрачје на Полициска станица Кисела Вода, од слобода е лишен Ј.Ј.(25) од Скопје бидејќи кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против Ј.Ј. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.02.2021 во 15.20 часот во Полициска станица Аеродром, В.Н.(48) од Скопје, пријавил дека на булевар "Јане Сандански" во Скопје неговата 16 годишна ќерка била касната од куче скитник.

Во времето од 20.00 часот на 07.02.2021 година до 02.00 часот на 08.02.2021 година на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле санкционирани 13 возачи кои возеле под дејство на лакохол, а санкционирани се и 30 останати прекршоци.

На 07.02.2021 во 17.00 часот во Полициска станица Центар, Љ.Н.(68) од Скопје, пријавил дека на улица "50-та Дивизија" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2021 во времето од 09.00 до 15.00 часот на подрачјето на Штип, од страна на полициски службеници од Полицската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип, спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со бразина поголема од пропишаната. Од извршената контрола било констатирано дека 43 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Сите возачи биле соодветно санкционирани. Санкционирани биле и 11 останати прекршоци.

На 07.02.2021 во 17,50 часот кај бензинска пумпа на магистрален пат Скопје – Граничен премин„Блаце", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со косовски национални ознаки, управувано од Х.С.(59) од Р.Косово и мотоцикл „хонда" со струшки регистарски ознаки, управуван од А.Б.(39) од Струга. По незгодата А.Б. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 07/08.02.2021 во времето од 20.00 до 02.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 14 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 31 другии прекршоци.

На 07.02.2021 во 23,50 часот на регионалниот пат с.Прдејци-с.Смоквица, К.А.(22) од с.Негорци,гевгелиско управувајќи патничко моторно возило "голф 5" со гевгелиски регистарски ознаки, излетал од патот. По незгодата, К.А. бил пренесен во Општата болница- Гевгелија, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и екипа од Полицска станица Гевгелија.

На 07.02.2021 во 21.45 часот на подрачје на Полициска станица Бит Пазар од слобода е лишен Н.Б.(37) од Скопје бидејќи кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во периодот од 20.00 часот на 07.02.2021 до 02.00 часот на 08.02.2021 полициските станици за безбедност во сообраќајот спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле санкционирани 121 возачи кои возеле под дејство на алкохол, од кои најголем број (30) на територијата што ја покрива СВР Битола, 18 на територија на СВР Велес, а по 14 на територите на СВР Скопје и СВР Штип. Санкционирани се и 261 останати прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (07.02.) по преземени мерки од страна на полициски службеници од ОКР Аеродром и Драчево лишен е од слобода А.Б. (28) од Скопје, поради кражба на скутер „пијаџо" пријавена во текот на вчерашниот ден на улица "Васко Карангеловски" во Скопје. По преземени мерки и активности пронајден е и скутерот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена кривични пријава.

Во текот на вчерашниот ден (07.02.2021) полициските станици за безбедност во сообраќајот спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, на територијата на целата држава биле санкционирани 218 возачи кои возеле со брзина поголема од дозволената. Засилените контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до учесниците во сообраќајот да ги почитуваат правилата и прописите и заеднички да придонесеме за побезбеден сообраќај.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.А.(29) и А.А.(22) поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „измама" и против Р.Е.(55) и Р.Е.(31), сите од Скопје поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „прикривање". На 19.01.2021 провнпријавеност го довел во заблуда оштетениот Б.К. од Дебар дека сака да го купи неговото патничко моторно возило марка „мерцедес Ц 350" со американски национални ознаки и се договориле возилото да го остави во двор кај трето и четвртопријавеност каде бил присутен и второпријавеност кој на оштетениот му рекол дека тој ги нема парите кај него, а парите ќе му ги даде првопријавеност кој во моментот бил во Косово. Оштетениот заедно со двајца пријатели заминале во Косово да ги земат ветените пари, а за тоа време трето и четврто пријавеност му дозволиле на второпријавеност да го земе возилото и да го однесе во непознат правец. На 21.01.2021 првопријавеност му се јавил на оштетениот дека возилото заедно со клучот е оставено во близина на џамија кај Битпазар.

На 07.02.2021 во 18.05 часот од полициски службеници од Полициска станица Сопот, кај место викано „Обиколница Костурник" било забележано патничко моторно возило „фолксваген фајтон" со скопски регистарски ознаки кое се движело во правец од Куманово кон Граничен премин„Табановце", при што кај „Обиколница Табановце" од истото излегле 10 мигранти од Еритреја и Сомалија, а возачот го напуштил местото на настанот. Мигрантите се сместени во ПТЦ „Винојуг"-Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2021 во 19.23 часот во СВР Битола, Д.К.(36) од Крушево, пријавил дека настанал пожар во село Годивје каде горела нискостеблеста шума и сува трева. Пожарот е локализиран од Противпожарна екипа Кривогаштани. Извршен е увид на местото на настанот.

На 08.02.2021 во 00.16 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Трифун Хаџи Јанев" во Скопје настанал пожар во возило, по што пожарот се проширил и на соседните возила. Од пожарот биле опожарени патничко моторно возило "киа делта" со скопски регистарски ознаки, сопственост на И.Б.(49); патничко моторно возило "ауди А4" со скопски регистарски ознаки сопственост на правно лице; патничко моторно возило "форд фиеста" со скопски регистарски ознаки сопственост на Д.В. и патничко моторно возило "пежо партнер" со скопски регистарски ознаки сопственост на правно лице. Пожарот е изгаснат од Противпожарна екипа. Извршен е увид на местото на настанот.

На 07/08.02.2021 година, во времето од 20.00 до 02.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид беше реализирана акциска сообраќајна контрола кон возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол. Притоа, полициските службеници констатирале дека девет возачи управувале возило под дејство на алкохол и се соодветно санкционирани.

СВР Штип поднесе кривична пријава против И.Ф.(32) од Штип, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 17.11.2020 околу 20,00 часот на ул.„Косовска" пријавениот физички ја нападнал Г.П. одземајќи и чанта со пари, клучеви и други лични документи.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(18) од Гостивар поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори ". На 16.02.2020 околу 18.00 часот во Гостивар полициски службеници од Полициска станица Гостивар извршиле преглед над пријавениот кај кого пронашле и одзеле марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Т. (47) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 29.10.2021 полициски службеници во Прилеп забележале патничко моторно возило „голф" со прилепски регистарски ознаки во кое се превезувал пријавениот, и по извршен преглед над лицата и возилото кај пријавениот е пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Т. (35) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 03.01.2021 во 22.50 часот во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот кај кој била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе две кривични пријави против Г.К.(43) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.11.2020 по издадена судска наредба од Основен Суд Прилеп, извршен е претрес во домот кај пријавениот кој предал марихуана, и на 03.01.2021 полициски службеници во Прилеп извршиле преглед над пријавениот при што кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 07.02.2021 во 20.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во пекара на улица „Московска" во Скопје, едно лице со закана со остар предмет над вработената И.Р.(26) од Скопје одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2021 околу 14,30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во викенд населба Долно Соње, бил пронајдено залутано зрно кое завршило во хаубе од патничко моторно возило „шкода". Извршен е увид..

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Е.Н (37) од Кочани поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавената, во услови на прогласена пандемија, иако била должна да биде во задолжителна самоизолација, на 11.01.2021 година го напуштила домот.

На 07.02.2021 во 19.05 часот, од полициски службеници од Полициска станица Богородица при контрола на возила на Автопат А1 - клучка Миравци, се обиделе да запрат возило "ауди А6", кое не застанало и се упатило во правец на Демир Капија. Потоа возилото било пронајдено на магистралниот пат Демир Капија - Неготино, а пронајден е еден мигрант кој е сместен во ПТЦ „Винојуг"-Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2021 во 23.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Виа Игнација" во Скопје настанал пожар во возило "ауди", сопственост на правно лице. Извршен е увид на местото на настанот.